FRA EUROPEAN UNION AGENCY FOR FUNDAMENTAL RIGHTS



# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСНОВНИ ПРАВА – 2021 ГОДИНА



**Две илјади и дваесетта година донесе и напредок и неуспех во однос на заштитата на основните права. *Извештајот за основните права за 2021 година* на FRA се осврнува на главните случувања во областа, истовремено идентификувајќи ги достигнувањата и другите области што предизвикуваат загриженост. Оваа публикација ги презентира мислењата на FRA за главните случувања во опфатените тематски области и ги резимира доказите што ги поддржуваат овие мислења. Притоа, таа обезбедува компактен, но информативен преглед на главните проблеми на основните права со кои се соочува ЕУ и нејзините земји членки.**

## МИСЛЕЊА НА FRA




1 [ФОКУС] Пандемијата на коронавирус и основните права: преглед на годината

4 Спроведување и употреба на Повелбата на национално ниво

7 Еднаквост и недискриминација

10 Расизам, ксенофобија и поврзана нетолеранција

13 Еднаквост и вклученост на Ромите

16 Азил, визи, миграција, граници и интеграција

19 Информатичко општество, приватност и заштита на податоци

22 Права на детето

25 Пристап до правда

27 Развој во спроведувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост

Ракописот е завршен во април 2021 година.

Ниту Агенцијата за основни права на Европската Унија ниту кое било лице што дејствува во име на Агенцијата за основни права на Европската Унија немаат одговорност за можната употреба на следниве информации.

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2021

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Print | ISBN 978-92-9461-356-1 | ISSN 2600-3392 | doi:10.2811/930 | TK-AM-21-001-MK-C |
| PDF | ISBN 978-92-9461-357-8 | ISSN 2600-3406 | doi:10.2811/141136 | TK-AM-21-001-MK-N |


© Агенција за основни права на Европската Унија, 2021

Репродукцијата е дозволена доколку се наведе изворот.

За каква било употреба или репродукција на фотографии или на друг материјал што не е во рамките на авторското право на Агенцијата за основни права на Европската Унија, дозволата мора да се бара директно од имателите на авторските права.

Сопственици на фотографиите:

Корица: © iStock/Joel Carillet; © Gettyimages/FG Trade; © iStock/DNY59; © FRA
Страница 1: © xavierarnau/iStock
Страница 2: © Fundación Secretariado Gitano (FSG)
Страница 3: © Shutter B/Adobe Stock
Страница 4–5: © FRA
Страница 7: © Cate Gillon/Getty Images
Страница 8: © utlanov/Adobe Stock
Страница 9: © NurPhoto/Getty Images
Страница 10: © Satjawat/Adobe Stock
Страница 11: © Lidia_Lo/Adobe Stock
Страница 12: © Kypros/Alamy Stock Photo
Страница 13: © Nigel Crump/Alamy Stock Photo
Страница 14: © ton koene/Alamy Stock Photo
Страница 15: © Pierre Andrieu/AFP via Getty Images
Страница 16: © Angelos Tzortzinis/European Union
Страница 17: © Marcello Paternostro/European Union
Страница 18: © Sean Gallup/Getty Images
Страница 19: © bluedesign/Adobe Stock
Страница 20: © Monopoly919/Adobe Stock
Страница 21: © Sikov/Adobe Stock
Страница 22: © New Africa/Adobe Stock
Страница 23: © silkfactory/iStock
Страница 25: © kumikomini/iStock
Страница 26: © RomanR/Adobe Stock
Страница 27: © Tommy Larey/Adobe Stock
Страница 28: © elypse/Adobe Stock
Страница 29: © H_Ko/Adobe Stock

1 [ФОКУС]

# ПАНДЕМИЈАТА НА КОРОНАВИРУС И ОСНОВНИТЕ ПРАВА: ПРЕГЛЕД НА ГОДИНАТА

**Со ширењето на пандемијата на ковид-19 низ целиот свет, властите низ Европската Унија донесоа огромен број рестриктивни мерки заради заштита на животот и здравјето на луѓето. Ваквите мерки доведоа до мешање со широк спектар основни права, почнувајќи од движењето и собирањето; преку приватниот и семејниот живот, вклучително и заштита на личните податоци; сè до образованието, работата и социјалната сигурност. Пандемијата и реакциите што таа ги предизвика, ги влошија постојните проблеми и нееднаквости во сите области на животот, особено погодувајќи ги ранливите групи. Тоа, исто така, предизвика и зголемување на инцидентите врз расна основа. Пристапот заснован врз човековите права во справувањето со пандемијата наложува употреба на балансирани мерки што се засноваат на закон, и кои се неопходни, привремени и пропорционални. Исто така, бара и осврнување на социо-економското влијание на пандемијата, заштита на ранливите категории и борба против расизмот.**

Пандемијата и мерките донесени за нејзино ограничување, сериозно влијаеја врз сите аспекти од нашиот личен и колективен живот, вклучувајќи го и функционирањето на нашите демократски институции, како што покажуваат доказите. Пандемијата изнесе на површина нови предизвици во почитувањето на основните вредности на функционирањето на нашите држави и Европската Унија. А сето тоа се одрази и на нашите основни права. Ограничувањата имаат влијание врз нашата лична и социјална интеракција и врз заштитата на нашите чувствителни лични податоци. Во исто време, социјалните и економските последици од пандемијата ќе бидат трајни и значително ќе ги влошат веќе постојните нееднаквости.



Од суштинско значење е, како што многумина нагласија на меѓународно, ЕУ и национално ниво, вонредните и рестриктивните мерки целосно да ги почитуваат меѓународните стандарди за човекови права и владеење на правото, бидејќи тие се зачувуваат преку меѓународните

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 1.1

Земјите членки на ЕУ треба да ги проценат и да ги урамнотежат барањата на различните основни и човекови права при донесувањето рестриктивни мерки во вонредни состојби, како што е ситуацијата предизвикана од пандемијата на ковид-19. За да се постигне оваа рамнотежа, тие треба да ги земат предвид меѓународните стандарди за човекови и основни права, вклучително и релевантна судска практика и упатства од меѓународни тела за човекови права. Тие, исто така, треба да вклучуваат национални законски тела за човекови права при осмислувањето, спроведувањето и следењето на рестриктивните мерки. Овие мерки треба да бидат неопходни, привремени и строго пропорционални.

Земјите членки на ЕУ треба да осигурат дека рестриктивните мерки се засноваат на закон и дека судовите, парламентите, законските тела за човекови права и другите засегнати страни, вклучително и граѓанското општество, можат внимателно да ги разгледаат.

Институциите на ЕУ треба да продолжат да ги следат итните мерки во однос на основните вредности на ЕУ утврдени во член 2 од ДЕУ, вклучувајќи ги основните права, владеењето на правото и демократијата. Документите што се однесуваат на политиките, како што е новиот годишен извештај на Европскиот механизам за владеење на правото, треба да го одразуваат исходот од следењето на итните мерки, онаму каде што тоа е суштинско.



## МИСЛЕЊЕ НА FRA 1.2

Земјите членки на ЕУ треба да ја подобрат издржливоста на своите системи за здравствена заштита, социјална заштита и социјална помош за да осигурат дека тие обезбедуваат правични услуги за секого, дури и во кризно време. За да се постигне ова на координиран начин низ ЕУ, предлогот на Европската комисија за силна Европска здравствена унија треба да биде донесен без одложување. Предлогот има за цел сериозно да ја подобри заштитата на здравјето, но и социјалниот и економскиот живот низ целата ЕУ.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 1.3

Земјите членки на ЕУ треба да ги зајакнат своите напори да обезбедат континуитет на образованието за сите деца под какви било околности, особено во време на криза, како што е оваа предизвикана од пандемијата на ковид-19. Во овој поглед, тие треба да дадат приоритет на воспоставување дигитална инфраструктура низ сите нивоа на образование и да обезбедат соодветна обука за запознавање на наставниците со работата во дигитална средина. Во врска со ова, треба да се обрне внимание на Акцискиот план за дигитално образование (2021 – 2027), кој укажува на ова и повикува на посилна соработка на ниво на ЕУ за да се направат системите за образование и обука соодветни за дигиталното време.

Земјите членки на ЕУ исто така треба да осигурат дека оваа дигитална инфраструктура е инклузивна. Ова значи задоволување на потребите на оние што се социјално исклучени и ранливи, какви што се децата со попреченост, децата на Роми и на Патници, како и деца на мигранти и бегалци.

инструменти и се обликуваат преку соодветната судска практика. Голем број документи од авторитативни извори ги идентификуваа овие стандарди, кои обезбедуваат упатства за носителите на должност за тоа како подобро да ги заштитат правата на луѓето за живот и здравје без да ги негираат другите нивни права.

Како што истакна Европскиот парламент, „дури и во состојба на јавна вонредна состојба, основните начела на владеењето на правото, демократијата и почитувањето на основните права мора да преовладуваат“. Во овој поглед, Повелбата за основните права на ЕУ е од најголемо значење кога станува збор за постапките на ЕУ и за постапките на земјите членки што спаѓаат во рамките на правото на ЕУ. Билтените на FRA во текот на 2020 година со докази ги истакнаа последиците врз основните права во контекстот на ЕУ.

На национално ниво, рестриктивните мерки беа под лупата на судовите, парламентите, телата за човекови права, граѓанското општество и другите засегнати страни. Иако ја препознаа потребата од вонредни мерки за сузбивање на пандемијата, тие се спротивставија на оние што не беа засновани на закон, траеја долго време и беа непропорционални. Тие, исто така, ја истакнаа важноста за борба против дискриминацијата поврзана со ковид-19, говорот на омраза и расизмот.

Современата наука одговори на овој предизвик во рекордно време, обезбедувајќи вакцини уште на крајот на 2020 година. Сепак, пандемијата ги разоткри недостатоците и ограничувањата на способноста и подготвеноста на нашите системи за здравствена заштита, образование, вработување и социјална заштита да се справат со ваква криза и да ја исполнат обврската за исполнување на правата на здравство, образование, работа и социјална безбедност и помош на сите граѓани. Таа ги откри и недостатоците на нашите можности да ги заштитиме правата на поранливите лица. Пандемијата е лакмусов тест на нашата подготвеност да го почитуваме ветувањето на глобалната Агенда 2030 „да не оставиме никого зад себе“ во остварувањето на социјално праведна транзиција кон одржлив развој.

Сепак, и покрај недостатоците, ЕУ и нејзините земји членки вложија значителни напори да ги поддржат своите системи за здравствена заштита, образование и социјална заштита и да им помогнат на поединците и на деловните субјекти во поглед на економскиот пад и ризикот од невработеност.

Додадената вредност на ЕУ уште еднаш беше од клучно значење. Благодарение на неа, беа воспоставени различни инструменти за да им помогнат на земјите членки да ги финансираат своите активности. Следствено, институциите на ЕУ постигнаа договор за пакет за обнова од 1,8 илјади милијарди евра. Пакетот го комбинира буџетот на ЕУ за 2021-2027 година и NextGenerationEU, привремен инструмент за закрепнување, дозволувајќи ѝ на Европската комисија да собере средства на пазарот на капитал за справување со непосредната економска и социјална штета предизвикана од пандемијата.

Овие финансиски мерки на ЕУ, заедно со политичките инструменти за промовирање на човековите и основните права, како што е Европскиот столб за социјални права, образуваат сеопфатна рамка за поддршка на националните напори.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 1.4

ЕУ и нејзините земји членки треба да продолжат да се борат против дискриминацијата поврзана со ковид-19, говор на омраза и расизам против етнички малцинства, мигранти и бегалци или лица со мигрантско потекло. Ова вклучува зајакнување на мерките против дезинформации што шират говор на омраза и дискриминаторски и расистички сфаќања, особено на Интернет.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 1.5

Земјите членки на ЕУ треба да се фокусираат на потребите на ранливите групи, кои се изложени на најголем ризик од инфекција и/или тешки болести. Во нив спаѓаат постари луѓе, луѓе во домови за згрижување, лица со веќе постојни здравствени состојби и оние што живеат во мали и во пренатрупани простории или во лоши услови за живеење и домување. Последната група вклучува многу Роми и Патници, како и луѓе што живеат во приемни или во притворни објекти за мигранти и бегалци, затвори и засолништа за бездомници.

Ова, исто така, бара да им се даде приоритет за вакцинација на овие групи и да се осигури дека тие уживаат правичен пристап до здравствени и социјални услуги по потреба.



2

# СПРОВЕДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ПОВЕЛБАТА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

**Две илјади и дваесетта година претставува посебна пресвртница за Повелбата за основните права на ЕУ. На 7 декември, поминаа точно 20 години откако ЕУ ја прогласи Повелбата во Ница. Европската комисија го искористи тој датум за да ја започне својата нова „Стратегија за зајакнување на примената на Повелбата за основните права во ЕУ“. Стратегијата повеќе се фокусира на примената на Повелбата во земјите членки и на улогата на националните чинители во остварувањето на ефективноста на Повелбата во животот на луѓето. Таа, исто така, обезбедува план за понатамошни колективни напори во годините што доаѓаат. Комисијата, воедно, охрабри покоординирано спроведување на Повелбата на ниво на ЕУ. Во меѓувреме, нејзината употреба од страна на националните судови, парламенти, влади и други учесници продолжи да покажува различни резултати. Националните судови посветуваа сѐ поголемо внимание на Повелбата, но владините мерки за унапредување на нејзината примена се ретки. Иако кризата предизвикана од ковид-19 ја загрози заштитата на основните права, таа, исто така, поттикна поголемо внимание на Повелбата за правата на ЕУ.**

Повелбата е од суштинско значење за ЕУ, за националните и за локалните нивоа на власт, обврзувајќи ги секогаш кога дејствуваат во рамките на правото на ЕУ. Сепак, на национално ниво, се покажа дека примената на Повелбата останува прилично ограничена. Ова укажува на потребата од понатамошна поддршка од ЕУ и од нејзините земји членки, како и засилена соработка. Следните три мислења се однесуваат на ЕУ, на националните и на локалните нивоа на властите, соодветно.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 2.1

Институциите на ЕУ, при дискусиите за примената на Повелбата, како што е предложено во стратегијата за Повелбата на Европската комисија, треба да осигурат дека доказите од релевантните национални чинители се доволно земени предвид. Покрај FRA, треба да се посвети внимание и на другите агенции на ЕУ, кои имаат потенцијал да придонесат за подобро спроведување и унапредување на правата во Повелбата. Конечно, Комитетот на регионите може да се вклучи во годишна размена на ветувачки практики и предизвици при примената и промовирањето на одредбите за Повелбата на локално ниво. Ова може да обезбеди дополнителни докази за да се пристапи кон „меѓуинституционалната расправа“ на ниво на ЕУ, на која се однесува стратегијата за Повелбата.

### Ниво на ЕУ

Иако новата стратегија на Европската комисија за зајакнување на примената на Повелбата посветува зголемено политичко внимание на национално ниво, таа исто така најавува дополнителни упатства, стимуланси и поддршка од ЕУ, вклучително и преку нови програми на ЕУ. На пример, најавува дека Европската комисија ќе го зајакне партнерството со земјите членки на ЕУ во различни контексти за да им помогне во спроведувањето на Повелбата.

Покрај тоа, Европската комисија ги поканува Советот и Парламентот, соодветно, да пристапат кон „меѓуинституционална расправа“ со Комисијата. Агенциите се исто така важни во овој поглед. Бидејќи често се прават повикувања на FRA и на нејзината работа, стратегијата, во поопшта смисла, не се осврнува на улогата на агенциите на ЕУ. Сите агенциите на ЕУ можат да придонесат за примена на Повелбата, иако свеста за Повелбата и за обврските што произлегуваат од неа се разликуваат меѓу агенциите, како и нивната подготвеност да ги зголемат своите инвестиции во подигање на свеста, објави FRA.

Повелбата не е важна само за клучните институции на ЕУ, туку и за сите чинители во ЕУ, како што е, на пример, Комитетот на регионите. Особено неговата Комисија за државјанство, управување, институционални и надворешни работи (CIVEX) има очигледна улога во истакнувањето на локалните практики и поттикнувањето размена меѓу регионалните и локалните чинители за тоа како најдобро да се примени и да се промовира Повелбата.

**Национално ниво**

Податоците собрани за овој и за претходните извештаи за основните права укажуваат на недостаток на национални политики за промовирање на примената на Повелбата. Следствено, стратегијата за Повелбата за 2020 година го става главниот фокус на улогата на земјите членки на ЕУ во спроведувањето на Повелбата. Со оглед на бројот на конкретни предлози за преземање активности од земјите членки, стратегијата претставува план за годините што доаѓаат.

Примената на Повелбата може да се зајакне со воспоставување фокусни точки на Повелбата во националните администрации, приспособувајќи ги процедурите што се однесуваат на процените на влијанието и правната контрола, осигурувајќи дека комитети со доволна експертиза за Повелбата го следат управувањето со фондовите на ЕУ или, конечно, воспоставувајќи и/или зајакнувајќи ги НИЧП.

За други мерки што ги утврдува стратегијата се потребни обновени мерки на национална политика, на пример, во областа на обука, подигање на свеста или промовирање поддршка и безбедно опкружување за граѓанските организации и бранителите на правата. Овие предлози ќе бараат промена на културата на основните права на национално ниво, што досега се чини дека се фокусираше на националното уставно право и на ЕКЧП, притоа потценувајќи ја додадената вредност на Повелбата.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 2.2

Земјите членки на ЕУ треба да размислат за воспоставување посебни фокусни точки на Повелбата, како што се поканети да сторат според стратегијата на Повелбата. Ова ќе им овозможи на владите да ги координираат националните активности со активности на ЕУ, на регионално и на локално ниво за поефикасно спроведување на новата стратегија за Повелбата. Во најдобар случај, спроведувањето на стратегијата би следело структуриран процес заснован на конкретни цели, пресвртни точки и временски рамки. Ова може да има форма на наменски акциски план за Повелбата или да се направат специфични упатувања на Повелбата во постојните акциски планови или стратегии. За да се овозможи заемно учење и синергетска размена, донесувањето и спроведувањето на овие плански документи треба да оди заедно со координација на ниво на ЕУ – на пример, преку насочени дискусии во Советот за основни права, правата на граѓаните и слободното движење на лица (FREMP).



## МИСЛЕЊЕ НА FRA 2.3

Земјите членки на ЕУ треба да ја промовираат новата стратегија за Повелбата меѓу локалните и регионалните власти и да истражат како овие власти можат поредовно да се повикуваат и да ги промовираат основните права воопшто, а особено додадената вредност на Повелбата. Локалните и регионалните власти треба да осигурат дека релевантните локални и регионални инструменти, процедури и политики се повикуваат на Повелбата. Постојните практики на Повелбата треба да им се соопштат на новите национални фокусни точки на Повелбата за да се осигури дека тие можат да споделуваат такви практики и искуства со други земји членки – на пример, преку Европскиот портал за е-правда. Градовите би можеле да размислат да станат градови за човекови права и со тоа да ги засилат размислувањата за основните права во нивната работа, програми и активности.

### Локално ниво

Локалните власти не се многу свесни за Повелбата, според **анализата на FRA на податоците од консултациите** што Европската комисија ги спроведе при подготовката на стратегијата. Во исто време, Повелбата „се однесува на регионалните или на локалните тела и на јавните организации, кога тие го спроведуваат правото на Унијата" (види Објаснувања, член 51, Службен весник на Европската Унија C 303/17 - 14.12.2007 година).

Во стратегијата терминот 'локално' е употребен 17 пати. Тоа не само што повикува на споделување на најдобрите практики за Повелбата на локално ниво и промовирање поддршка и безбедно опкружување за граѓанските организации и бранителите на правата на локално ниво, туку исто така наложува земјите членки да обезбедат доволно насоки на локално ниво за да можат локалните власти да ги почитуваат своите должности што произлегуваат од Повелбата. Стратегијата, исто така, укажува на потенцијалот на локалните чинители за подигнување на свеста за правата на луѓето и за тоа што луѓето можат да сторат ако нивните права се повредени.

FRA во моментов работи на концепт за градовите за човекови права во ЕУ. Оваа рамка на заложба ќе интегрира различни компоненти поврзани со Повелбата и може да помогне во зголемувањето на примената на Повелбата на локално ниво.

# 3

# ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

**Европската комисија во 2020 година донесе големи стратегии и акциски планови за промовирање Унија на еднаквост, креирајќи сеопфатна рамка за ЕУ и за национално дејствување. Додека донесувањето на Директивата за еднаков третман остана во застој, Комисијата ја истакна потребата од зајакнување на телата за еднаквост и подобрување на податоците за еднаквост. Напорите за промовирање на правата на лезбијките, хомосексуалците, бисексуалците, транс, небинарните, интерсексуалните и квир (ЛГБТИК) лицата, добија интензитет со донесувањето на првата стратегија на ЕУ за ЛГБТИК еднаквост. Сепак, доказите исто така покажаа дека, во некои области и земји членки, се зголемуваат искуствата на дискриминација и криминал од омраза кон ЛГБТИК-лицата. Во меѓувреме, пандемијата на ковид-19 и мерките што таа ги поттикна, на моменти ги влоши социјалните нееднаквости, особено силно погодувајќи ги постарите лица.**



Членот 19 од Договорот за функционирање на Европската Унија (ДФЕУ) дава основа за законодавството на ЕУ за борба против дискриминацијата врз основа на пол, раса или етничко потекло, религија или верување, попреченост, возраст или сексуална ориентација. Советот на ЕУ донесе сеопфатно законодавство за заштита од дискриминација врз основа на родово или расно или етничко потекло во клучните области на животот. Ова законодавство се однесува на вработување и занимање; образование, иако ова не е опфатено со директивите за родова еднаквост; социјална заштита; и пристап до и снабдување со добра и услуги што се достапни за јавноста, вклучително и домување. Спротивно на тоа, законодавството на ЕУ штити од дискриминација врз основа на религија или верување, попреченост, возраст и сексуална ориентација само во областа на вработувањето и занимањето.

Како резултат, некои од заштитените карактеристики утврдени во член 19 од ДФЕУ (пол и расно или етничко потекло) уживаат поширока заштита од други (религија или верување, возраст, попреченост и сексуална ориентација), што резултира со вештачка хиерархија на заштитени основи. Европската комисија предложи Директива за еднаков третман во 2008 година. Нејзиното донесување би го затворило овој јаз, проширувајќи ја заштитата од дискриминација врз основа на религија или верување, возраст, попреченост и сексуална ориентација кон областите на образование, социјална заштита и пристап до, и снабдување со, добра и услуги достапни за јавноста. Не е постигнат никаков напредок во донесувањето на предлогот на Комисијата на ниво на Советот на ЕУ во 2020 година.

Европскиот парламент го повтори својот повик за донесување на предлогот, додека Европската комисија продолжи да ги охрабрува земјите членки брзо да постигнат договор за текстот. Во меѓувреме, пандемијата на ковид-19 го нагласи зголемениот ризик од дискриминација со која може да се соочат луѓето во време на здравствени кризи по разни основи, освен по полот, по расното или етничкото потекло, а особено по возраста.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 3.1

Поучени од лекциите од пандемијата на ковид-19, законодавците на ЕУ треба да продолжат да ги истражуваат сите можни начини за донесување на Директивата за еднаков третман без понатамошно одложување. Тоа ќе осигури дека законодавството на ЕУ нуди сеопфатна заштита од дискриминација врз основа на религија или верување, попреченост, возраст и сексуална ориентација во клучните области од животот, какви што се образованието; социјална заштита, вклучително и социјално осигурување и здравствена заштита; и пристап до, и снабдување со, добра и услуги достапни за јавноста, вклучително и домување.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 3.2

Институциите на ЕУ и земјите членки треба да донесат и да вклучат пристап заснован на правата кон стареењето и постарите лица, вклучително и во нивните стратегии за излез од пандемијата. Овој пристап треба да се рефлектира во сите суштински иницијативи и политики, вклучително и во дејствата за спроведување на Европскиот столб за социјални права и промовирање на политиките за социјална инклузија. Тоа значи:

- борба против перцепциите на возраста што доведуваат до дискриминација во однос на возраста, што, од друга страна, претставува пречка за еднаков третман на постарите лица и целосно уживање во нивните основни права;
- промовирање учество на постарите лица во сите аспекти на општествениот живот, вклучително и во креирањето и следењето на спроведувањето на мерките што ги засегаат нив;
- фокусирање на оние што се поранливи и задоволување посебни потреби што можат да ги имаат со користење на сите достапни средства, вклучувајќи достапни нови технологии и дигитални алатки, истовремено со одржување на недигиталните услуги;
- собирање и анализа на робусни податоци и докази за правата и за благосостојбата на постарите лица.

Податоците укажуваат дека постарите луѓе биле меѓу најтешко погодените и за време на пандемијата на ковид-19. Постарите лица имале поголем ризик за здравјето од помладите возрасни групи поради нивната поголема инциденција на претходни здравствени состојби.

Пандемијата, исто така, имаше и пошироки импликации, влијаејќи врз благосостојбата и правата на постарите лица. Стереотипите за повозрасните лица и дискриминаторскиот дискурс; рестриктивните мерки врз основа на возраста; тешкотиите во пристапот до добра и услуги, вклучително и поради дигиталниот јаз меѓу генерациите; и чувството на изолација и стрес, го поткопаа нивното право на достоинствен живот, независност и учество, зацртано во Повелбата за основните права на ЕУ. Овие фактори исто така го поткопаа нивното право на еднаков третман и можности, како што е утврдено во Повелбата и во Европскиот столб за социјални права.

Од друга страна, различни чинители презедоа мерки за ублажување на влијанието на пандемијата врз постарите лица и за да ги заштитат и да им помогнат во остварувањето на нивните права, вклучително и со употреба на нови технологии и дигитални алатки. Згора на тоа, пошироката дискусија за правата на постарите лица и нивната благосостојба доби интензитет во 2020 година. Советот на ЕУ донесе заклучоци со кои се повикуваат институциите на ЕУ и земјите членки да користат кон стареењето пристап заснован на правата, заедно со нивните стратегии за излез од пандемијата. Советот дополнително ја истакна и потребата да се искористат можностите за дигитализација со цел промоција на благосостојбата на постарите лица.





Некои земји членки воведоа законски и политички мерки што го загрозуваат основното право на еднаков третман без оглед на сексуалната ориентација. Второто истражување за ЛГБТИ на FRA и истражувањата спроведени во неколку земји членки покажаа високи нивоа на дискриминација и вознемирување на ЛГБТИ+ лицата низ целата ЕУ и значително намалување на социјалното прифаќање. Говорот на омраза кон ЛГБТИ+ лицата во јавниот дискурс е особено загрижувачки феномен, бидејќи дополнително поттикнува дискриминација.

Мерките за ограничување на пандемијата имаа значително влијание врз ЛГБТИ+ лицата, особено врз младите луѓе што живеат дома и кои се соочија со семејно насилство поради нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет. Во овој поглед, зачувувањето на нивните права станува уште потешко.

Заради решавање и подобрување на состојбата на ЛГБТИК лицата, Европската комисија ја донесе Стратегијата за еднаквост 2020-2025 за ЛГБТИК лицата. Таа предвидува низа насочени активности околу четирите главни столба, фокусирани на справување со дискриминацијата, осигурување безбедност, градење инклузивни општества и повикување на еднаквост за ЛГБТИК лицата низ целиот свет.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 3.3

Земјите членки на ЕУ се охрабруваат да избегнуваат какви било активности што го загрозуваат основното право на еднаков третман без оглед на сексуалната ориентација и родовиот идентитет и да продолжат со донесување акциски планови во согласност со стратегијата на Комисијата за еднаквост на ЛГБТИК лицата. Тие се охрабруваат да донесат и да спроведат законски и политички мерки за да осигурат дека лезбијките, хомосексуалците, бисексуалците, транс и интерсексуалните лица можат целосно да ги уживаат своите основни права според законодавството на ЕУ и националното законодавство.

Земјите членки треба да ги земат предвид достапните докази за дискриминација, вклучувајќи ги и податоците од второто истражување за ЛГБТИ на FRA, за да ги идентификуваат и соодветно да ги решат недостатоците во заштитата. Тие исто така треба да ги земат предвид насоките дадени во стратегијата за еднаквост на ЛГБТИК лицата. Особено, треба да се преземат мерки за ефикасна борба против говорот на омраза и криминалот од омраза и решавање на штетните влијанија на хомофобичните и на трансфобичните изјави дадени од јавни органи и службеници.

# 4

# РАСИЗАМ, КСЕНОФОБИЈА И ПОВРЗАНА НЕТОЛЕРАНЦИЈА



**Две илјади и дваесетта беше навистина предизвикувачка година. Пандемијата на ковид-19 ги извади на површината постојниот расизам, ксенофобија и поврзаната нетолеранција, истовремено влошувајќи ја состојбата. Здравствената криза се повеќе се користеше како изговор за напад врз малцинствата – вклучувајќи ги мигрантите, луѓето со имигрантско потекло и Ромите – кои и претходно беа предмет на расна и етничка дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза. Движењето „Црните животи се важни“ (Black Lives Matter) ги мобилизираше општествата низ целиот свет да се осврнат на расизмот и на дискриминацијата преку органите за спроведување на законот. Европската комисија го донесе својот прв акциски план за борба против расизмот, утврдувајќи конкретни мерки за справување со расизмот и со етничката дискриминација во ЕУ. Голем број земји членки на ЕУ презедоа чекори за развој на национални акциски планови против расизам и други мерки за справување со екстремизмот, криминалот од омраза и говорот на омраза.**

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 4.1

Земјите членки на ЕУ треба целосно и правилно да ја транспонираат и да ја применат Рамковната одлука за расизам и ксенофобија за криминализирање на расистичко злосторство од омраза и говор на омраза. Следствено, земјите членки ги преземаат неопходните мерки за да осигурат дека расистички или ксенофобичен мотив се смета за отежнувачка околност или, како алтернатива, дека судовите можат да го земат предвид овој мотив при одредувањето на казните.

Покрај целосното транспонирање и спроведување на законодавството на ЕУ за борба против криминалот од омраза, земјите членки треба да воведат мерки што ги охрабруваат жртвите и сведоците да истапат и да пријават криминал од омраза. Тие исто така треба да ја зајакнат можноста на националните системи за спроведување на законот правилно да идентификуваат и да евидентираат криминал од омраза.

Рамковната одлука на Советот за расизам и ксенофобија (2008/913/JHA) утврдува заеднички кривично-правен пристап кон одредени форми на расизам и ксенофобија што претставуваат говор на омраза и кон криминалот од омраза. Европската комисија поведе постапки за повреда против две земји членки, кои не ја вклучија целосно и правилно Рамковната одлука во националното законодавство.

Меѓународните надзорни тела на сличен начин открија правни празнини во кривичните закони на голем број земји членки во однос на говорот на омраза или криминализацијата на расна или ксенофобична мотивација како отежнувачка околност. Во меѓувреме, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и националните високи судови поставија ограничувања кога потпирајќи се на слободата на говорот, се оправдува говорот на омраза и поттикнувањето омраза.

Расизмот и екстремните десничарски чувства и понатаму претставуваат сериозни предизвици низ целата ЕУ и во 2020 година. Неколку лица беа убиени при екстремистички и злосторства предизвикани од омраза, следејќи го трендот забележан во претходните години. Меѓународните и националните тела за човекови права изразија загриженост поради растечката стапка на говор на омраза преку Интернет, честопати извршуван од медиумски или од политички фигури, а насочен кон мигранти и етнички малцинства.

Етничките малцинства, вклучително и мигрантите, сè повеќе се дискриминирани во различни области од животот, а дискриминаторските перцепции и стереотипите и понатаму се присутни меѓу поширокатa јавност, откриваат наодите од истражувањето. Овие трендови се засилија со избувнувањето на пандемијата на ковид-19, како што објавија FRA и други тела.

Членот 21 од Повелбата за основни права на ЕУ забранува секаква дискриминација врз основа на етничко потекло и раса. Слично на тоа, Директивата за расна еднаквост (2000/43/ЕЗ) забранува секаква дискриминација врз основа на етничко или расно потекло при пристапот до образование; вработување; услуги, вклучително и домување; и социјална заштита, вклучително и здравствена заштита. Извештаите на Европската комисија и на меѓународните надзорни тела за човекови права покажуваат дека голем број земји членки на ЕУ сè уште не ги спроведуваат правилно одредбите на директивата.

Комисијата ги продолжи постапките за прекршување на правата кон земјите членки што дискриминираа деца Роми во образованието. Во меѓувреме, меѓународните тела за човекови права изразија загриженост во врска со независноста на телата за еднаквост утврдени со Директивата за расна еднаквост.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 4.2

Земјите членки на ЕУ треба значително да ја подобрат ефективноста на своите мерки и институционални аранжмани за целосно и правилно применување на Директивата за расна еднаквост. Особено, земјите членки треба да ја зајакнат независноста на телата за еднаквост. Тие треба да обезбедат соодветни мандати и ресурси за таквите тела, со цел ефикасно исполнување на задачите што им се доделени во согласност со законодавството на ЕУ за недискриминација.



Додека некои облици на етничко профилирање можат да бидат легални, дискриминаторското профилирање е во спротивност со начелата на Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација (ИЦЕРД) и другите меѓународни стандарди, вклучително и оние отелотворени во Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и поврзана судска практика на ЕСЧП, како и Повелбата за основните права на ЕУ. Членот 11 (3) од Полициската директива (2016/680) за автоматско поединечно донесување одлуки забранува „профилирање што резултира со дискриминација на физички лица врз основа на посебни категории лични податоци“. Тоа вклучува податоци што откриваат расно или етничко потекло и верски убедувања, како и генетски и биометриски податоци.

Дискриминаторското профилирање засновано врз етничката припадност сè уште постои во ЕУ, како што забележаа претходните извештаи за основните права, а тоа го потврдуваат и истражувањата и извештаите на меѓународните надзорни тела. Некои земји објавија несразмерно спроведување на ограничувањата поврзани со ковид-19 во однос на етничките малцински групи. Дискусиите за спречување и спротивставување на полицискиот расизам, поттикнати од случаи низ ЕУ и движењето „Црните животи се важни“, поттикнаа настани и на ниво на ЕУ и на национално ниво.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 4.3

Земјите членки на ЕУ треба да ги донесат потребните мерки за спречување и искоренување на дискриминаторските ставови меѓу полициските службеници. Тоа може да се постигне со процена на постојните заштитни мерки против институционалните форми на дискриминација, вклучувајќи јасни изјави за мисијата, робустен систем на преглед на работењето во однос на спречување на институционална дискриминација и инклузивни и ефективни независни механизми за поднесување жалби.

Органите за спроведување на законот треба да донесат специфични, практични и спремни за употреба насоки против дискриминаторско етничко профилирање од страна на полициски службеници при извршувањето на нивните должности, кои ќе ги вклучат во стандардните оперативни процедури и кодекси на однесување и систематски ќе им се доставуваат на полицајците од првите редови.




## МИСЛЕЊЕ НА FRA 4.4

Земјите членки на ЕУ се охрабруваат да развијат наменски национални акциски планови за борба против расизмот, расната дискриминација, антисемитизмот, ксенофобијата и поврзаната нетолеранција. Спроведувањето на ваквите планови ќе им обезбеди на земјите членки на ЕУ ефикасна рамка за исполнување на нивните обврски од Директивата за расна еднаквост и од Рамковната одлука за борба против расизмот и ксенофобијата.

Во согласност со акцискиот план за борба против расизмот на ЕУ, земјите членки на ЕУ треба да размислат за развој на национални планови на партиципативен начин, вклучувајќи ги и регионалните и локалните власти, телата за еднаквост и граѓанското општество. Згора на тоа, потребно е редовно и транспарентно проценување на влијанието и ефективноста на преземените активности, водејќи сметка за јасните цели и за временските рамки, врз основа на докази и со употреба на индикатори за успешност.

Во 2020 година, ЕУ ги засили напорите во борбата против расизмот. Европската комисија го донесе својот прв план за борба против расизмот на ЕУ за 2020-2025 година. Исто така, се осврна на расизмот, вознемирувањe и насилство мотивирано од предрасуди и заштита и поддршка на жртвите на криминал од омраза во низа други политички мерки, вклучително и стратегијата на ЕУ за правата на жртвите 2020-2025 и новата стратешка рамка на ЕУ за Ромите.

Речиси 20 години откако Светската конференција против расизмот на ООН ги повика земјите да развијат и да разработат национални акциски планови против расизмот, Европската комисија ги охрабри сите земји членки на ЕУ да развијат и да донесат национални акциски планови против расизмот и расната дискриминација до крајот на 2022 година. Во 2020 година голем број земји членки презедоа чекори кон развој на национални акциски планови за борба против расизмот, ксенофобијата и поврзаната нетолеранција.

Меѓутоа, меѓународните надзорни тела изразија загриженост во врска со слабостите во осмислувањето на ваквите национални акциски планови, истакнувајќи дека тие можат негативно да влијаат врз нивното спроведување, влијание и следење. Некои не успеваат сеопфатно да се осврнат на расизмот; кај многу недостига прецизност при дефинирањето конкретни чекори; а исто така постои и недостиг на средства за исполнување на целите, на одредниците и на индикаторите за мерење на напредокот.

# 5

# ЕДНАКВОСТ И ВКЛУЧЕНОСТ НА РОМИТЕ



**Првата Рамка на ЕУ за национални стратегии за интеграција на Ромите заврши во 2020 година, а новата 10-годишна стратешка рамка започна среде пандемијата на ковид-19. Првата рамка донесе мал севкупен напредок. Проценките покажуваат одредени придобивки во образованието и во намалувањето на сиромаштијата, но никакви, па дури ни влошувања, во клучните области какви што се вработување, здравствена заштита и домување. Новата Стратешка рамка на ЕУ за еднаквост, вклучување и учество на Ромите поставува амбициозни цели во седум клучни области: недискриминација, инклузија, учество, образование, вработување, здравство и домување. Таа предвидува посилна рамка за набљудување, со низа квантитативни и мерливи цели за следење на напредокот. Во меѓувреме, пандемијата несразмерно влијаеше врз заедниците на Ромите и на Патниците засилувајќи ги нееднаквостите и, во некои земји, подгревајќи ги антигипсизмот и предрасудите спрема Ромите.**

Членот 21 од Повелбата за основните права на ЕУ забранува дискриминација врз основа на етничко или социјално потекло или припадност на национално малцинство. Во последните 20 години, Директивата за расна еднаквост (2000/43/ЕЗ) промовираше еднаков третман и забрани директна и индиректна дискриминација, вклучително и вознемирување, засновано врз расно или етничко потекло, во области какви што се вработување, образование, социјална заштита и предности, здравствена заштита или пристап до добра и услуги, вклучително и домување.

Меѓутоа, антигипсизмот, значајна пречка за напредокот на вклучувањето на Ромите, е длабоко вкоренет. Речиси половина од граѓаните на ЕУ (46%) би се чувствувале непријатно да имаат соседи Роми или Патници, покажува Анкетата за основните права на FRA од 2019 година, која се однесуваше на општата популација. Пандемијата на ковид-19, која несразмерно ги погоди заедниците на Ромите и на Патниците, ги засили нееднаквостите и, во некои земји, го поттикна понатамошниот антигипсизам и предрасуди спрема Ромите.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 5.1

Користејќи ги научените лекции од пандемијата на ковид-19, земјите членки на ЕУ треба да осигурат дека борбата против дискриминацијата и антигипсизмот е интегрирана во сите области на политики на нивните национални стратегии за Ромите. Стратегиите треба да вклучуваат насочени мерки за справување со антигипсизмот и дискриминацијата насочени спрема Ромите и Патниците.

Таквите мерки треба да бидат осмислени и спроведени заедно со ромските заедници и со нивните претставници, со цел промовирање позитивни наративи за Ромите и за Патниците, подигнување на свеста за нивната историја на дискриминација, сегрегација и прогонства.



## МИСЛЕЊЕ НА FRA 5.2

Земјите членки на ЕУ треба да спроведат координирани мерки за да обезбедат социјално исклучените и маргинализирани деца Роми и Патници да имаат пристап до алатки за учење на далечина. Сите мерки во образованието треба да вклучуваат насочени активности приспособени на специфичните потреби на различните групи Роми и Патници, особено извлекувајќи лекции од позитивното искуство со ромски асистенти и медијатори за учење. Земјите членки треба да размислат за поттикнување на регрутирање, обука и распоредување на повеќе ромски медијатори и наставници со ромско потекло. Тие исто така треба да осигурат дека насочените мерки се одржливи и добро финансирани, користејќи ги фондовите на ЕУ, како и другите можности за финансирање мерки насочени кон Ромите, како и за структурните реформи за инклузивно образование.

Членот 14 од Повелбата за основните права на ЕУ го предвидува правото на образование. Европскиот столб за социјални права истакнува дека секој има право на висококвалитетно и инклузивно образование (Поглавје 1, принцип 1). Најновите податоци покажуваат дека низ ЕУ, вклучително и во западните земји членки, мнозинството млади Роми и Патници рано го напуштаат образованието или обуката. И покрај малиот напредок во изминатата деценија, образовниот јаз меѓу Ромите и општата популација останува значителен.

Згора на тоа, Ромите и Патниците кои живеат во раздвоени и во маргинализирани средини честопати ја немаат потребната ИТ-опрема и/или пристап до Интернет, покажуваат наодите на FRA и други истражувања. Постојаната нееднаквост и немањето успешни политики за обезбедување на основната инфраструктура и услугите, го зголемуваат јазот меѓу Ромите и Патниците и општата популација. Тие, исто така, влијаат и врз можностите на ромските деца да имаат еднаков пристап до образование. Пандемијата на ковид-19 ја направи оваа стварност многу видлива. Истражувањето на FRA, исто така, покажува дека некои главни мерки не успеаја да допрат до Ромите и Патниците.

Новата Стратешка рамка на ЕУ за еднаквост, вклучување и учество на Ромите е дел од целокупните политички упатства на ЕУ за градење Унија на еднаквост. Таа ќе придонесе кон антирасистичкиот акциски план 2020-2025 на ЕУ и кон спроведувањето на начелата на Европскиот столб за социјални права и Целите за одржлив развој на ОН.

Претходната рамка на ЕУ за национални стратегии за интеграција на Ромите, чија цел беше да се затвори јазот меѓу Ромите и општата популација, не ги достигна своите амбициозни цели за образование, вработување, здравствена заштита и домување до 2020 година. Земјите членки постигнаа само мал напредок во одредени области на образованието и намалувањето на сиромаштијата и никаков напредок – односно условите дури и се влошени – во вработувањето, домувањето и здравството, покажуваат податоците на FRA.

Врз основа на процената на претходната рамка, Европската комисија ја препозна итната потреба за обновување и засилување на заложбата за еднаквост, вклучување и учество на Ромите како на европско така и на национално ниво. Новата стратешка рамка поставува седум цели и соодветни намери што треба да се постигнат до 2030 година, со фокус на борба против антигипсизмот и дискриминацијата и промовирање целосно учество и вклучување на Ромите, преку комбинација на конвенционални и насочени политики.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 5.3

Земјите членки на ЕУ треба да дадат предност на спроведувањето на новата стратешка рамка на ЕУ за Ромите. Нивните национални планови треба да дефинираат амбициозни цели и намери, кои ги земаат предвид лекциите научени од претходната рамка на ЕУ и оцените на националните стратегии, како и пандемијата на ковид-19. Ефективните системи за следење треба да го проценат напредокот, мерејќи го влијанието на конвенционалните и на насочените мерки за социјално вклучување на Ромите и на Патниците, како и ефективно користење на националните и на фондовите на ЕУ.

Националните стратегии за Ромите треба да вклучуваат специфична референца за значајното учество на Ромите и на Патниците во осмислувањето, процената и следењето на мерките и активностите за спроведување.



# 6

# АЗИЛ, ВИЗИ, МИГРАЦИЈА, ГРАНИЦИ И ИНТЕГРАЦИЈА



**Почитувањето на основните права на границите остана еден од најголемите предизвици за човековите права во ЕУ. Продолжија смртните случаи на море, доцнењето во доделувањето безбедно пристаниште за спасените мигранти и законите против хуманитарните спасувачки чамци. Исто и обвинувањата за враќање назад преку границите и насилството. Европската комисија претстави нов Пакт за миграција и азил, пакет од тврди законски предлози и меки законски документи што става посилен фокус на граничните процедури и предлага нови форми на солидарност. Во меѓувреме, постапките за азил беа приспособени за да се справат со ограничувањата поврзани со ковид-19. ЕУ направи напредок во воспоставувањето на своите големи системи за информатичка технологија (ИТ) и започна со истражување на употребата на вештачка интелигенција за гранична контрола и управување со миграцијата. По Брегзит, се воспоставија нови правила за граѓаните на Велика Британија.**

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 6.1

Земјите членки на ЕУ треба навремено и ефикасно да ги истражат сите обвинувања за враќање назад и лошо постапување на границите и да ја зголемат транспарентноста на преземените мерки.

Земјите членки треба да воспостават ефективни и независни механизми за надзор на границите. За да се гарантира целосна усогласеност со основните права, овие механизми треба да опфаќаат и следење на активностите за надзор на границите и не само, како што предлага Пактот за миграција и азил, самата постапка за проверка пред влегувањето.

Во 2020 година, широко признатите тела за човекови права пријавија обвинувања од поединци што биле незаконски вратени на копнени и на морски граници, понекогаш дури и со полициско насилство. Членот 78 (1) од ДФЕУ и членовите 18 и 19 од Повелбата за основните права на ЕУ забрануваат *враќање (refouler)* – што значи враќање на поединецот во ризик од прогон или сериозно наштетување – и колективно протерување. Членот 7 од Регулативата (ЕУ) 2019/1896 за европската гранична и крајбрежна стража и член 4 од Шенгенскиот граничен законик бараат граничното управување да ги почитува основните права. Во својот Пакт за миграција и азил, Европската комисија предложи нови правила на ЕУ за следење на основните права на границите.

Мигранти фатени при нивното нередовно преминување на внатрешната граница на ЕУ, немаат систематско сослушување пред да бидат вратени назад во соседна земја членка на ЕУ. Тие исто така не се систематски известени за одлуката да ги вратат назад во друга земја членка на ЕУ.

Како општо начело на правото на ЕУ, секоја одлука што влијае врз некоја личност мора да се донесе на поединечна основа, а лицата имаат право да бидат сослушани. Овие начела се важни заштитни мерки, кои им овозможуваат на поединците да отворат прашања што можат да го забранат враќањето назад и да го искористат своето право на ефикасен правен лек во согласност со член 47 од Повелбата.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 6.2

Земјите членки на ЕУ треба да воспостават и да применуваат постапки што гарантираат дека лицата ќе бидат сослушани пред да бидат вратени назад во соседна земја членка на ЕУ и формално да ги известат за донесената одлука.



Законските предлози во рамките на Пактот за миграција и азил ставаат посилен фокус на граничните процедури, истовремено предлагајќи нови механизми за солидарност. Граничните процедури може да резултираат така што барателите на азил ќе бидат задржани во објекти на или во близина на границата, честопати на оддалечени локации каде што е тешко да се исполнат стандардите за прием или да се применат заштитни мерки за да се спречи произволно лишување од слобода, како што наложуваат Директивата за условите за прием (2013/33/ЕУ) и Директивата за враќање (2008/115/ЕЗ). Ова може да резултира со третман што може да не е во согласност со правото на човечко достоинство, како што е гарантирано со член 1 од Повелбата.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 6.3

При спроведување на целите на Пактот за миграција и азил, земјите членки на ЕУ треба да осигурат соодветни услови за престој во објектите за прв прием на границите и целосно да ги почитуваат правото на слобода и другите основни права утврдени во Повелбата за основните права на ЕУ. Треба да има редовен надзор и превентивни мерки за да се избегне долготраен престој.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 6.4

Институциите, агенциите на ЕУ како и земјите членки на ЕУ треба сеопфатно да го проценат влијанието врз основните права на каква било употреба на вештачката интелигенција во областа на внатрешните работи, вклучувајќи азил, виза, имиграција и граници. Строгите, ефективни и независни механизми за надзор треба да ја придружуваат употребата на вештачката интелигенција.

ЕУ и нејзините земји членки ја истражуваат употребата на вештачката интелигенција (AI) за да го подобрат донесувањето одлуки во внатрешните работи, вклучувајќи азил, граници и имиграција. Алатките управувани од вештачката интелигенција, можат да влијаат врз различни основни права. Ова се должи, на пример, на пристрасност во дизајнот на алгоритамот; или на недоволна транспарентност во однос на користените податоци, што на засегнатото лице му отежнува да ги побие резултатите произведени од вакви алатки.




## МИСЛЕЊЕ НА FRA 6.5

Институциите, агенциите на ЕУ како и земјите членки на ЕУ треба да продолжат да ја зголемуваат свеста за заштитата на основните права во ИТ-системите со голем обем на ЕУ и нивната интероперабилност. Органите за заштита на податоците треба да имаат на располагање соодветни ресурси за да ги поддржат луѓето што сакаат да го искористат своето право на пристап, корекција и бришење на нивните податоци.

ЕУ воспостави шест системи за информатичка технологија (ИТ) за да ги поддржи земјите членки во управувањето со миграцијата, азилот и границите, да ја зацврсти судската соработка и да ја засили внатрешната безбедност. Од нив, три системи се оперативни: Европската дактилоскопија за азил (Еуродак), Визниот информациски систем (ВИС) и Шенгенскиот информативен систем (ШИС). Другите три се во развој: Систем за влез/излез (ЕЕС), Европски систем за информации за патување и овластување (ЕТИАС) и Европски информативен систем за криминални досиеја за државјани на трети земји (ЕКРИС-ТЦН).

Правните инструменти што поставуваат вакви ИТ-системи и нивната интероперабилност содржат неколку заштитни мерки насочени кон заштита на основните права што ги содржи Повелбата, какви што се заштитата на личните податоци (член 8), недискриминацијата (член 21) и правата на детето (член 24). Сепак, овие заштитни мерки остануваат малку познати.

7

# ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО, ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ



**Во 2020 година, пандемијата на ковид-19 го поттикна развојот и примената на иновативни технологии, вклучително и вештачка интелигенција (AI), со цел да се спречи нејзиното ширење. Истовремено, постојаната употреба на технологии со вештачка интелигенција донесе загриженост во врска со правата за заштита на податоците и приватноста (заедно со другите права, како што е недискриминација). ЕУ и меѓународните тела брзо реагираа нагласувајќи ги применливите стандарди за заштита на податоците. Во исто време, ЕУ ја продолжи својата работа за регулирање на употребата на вештачката интелигенција. Таа објави бела книга и придружен извештај што ја признава улогата на основните права – заедно со етичките рамки – во обезбедувањето употреба на вештачката интелигенција во согласност со правата. Институциите на ЕУ како и земјите членки на ЕУ развија политики и закони што влијаат врз приватноста и заштитата на податоците, во области што се движат од зачувување и надзор на податоци до борба против материјали за сексуална злоупотреба на деца.**

Пандемијата на ковид-19 ги поттикна луѓето да користат дигитални податоци и нови технологии за да го спречат ширењето на вирусот и да ги ублажат неговите негативни влијанија врз општеството. Од апликации за следење контакти и близина до софтвер за телеконференција или употреба на алгоритми во образованието, интензивното собирање и третирање на личните податоци донесе ризици по основните права за заштита на податоците и почитување на приватниот живот.

Случувањата во годината истакнаа дека, во време на криза, од клучно значење е да се спроведат ефективни и соодветни вежби за балансирање за да се осигури дека мерките за заштита на здравјето не влијаат непотребно или несразмерно врз основните права.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 7.1

Земјите членки на ЕУ треба да обезбедат дека сите мерки, политики или законски иницијативи преземени во време на криза, како што е пандемија, не се мешаат несразмерно во правата за заштита на податоците и почитувањето на приватниот живот. Поконкретно, земјите членки на ЕУ треба да осигурат дека се применува членот 8 од Повелбата за основните права на ЕУ, како и начелата на правичност, минимизирање на податоците и ограничување на целите, што ги истакнува членот 5 од ГДПР.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 7.2

Земјите членки на ЕУ треба да осигурат дека националните надзорни тела за заштита на податоците имаат доволно човечки, технички и финансиски ресурси за да им овозможат ефикасно да ги извршуваат своите задолженија. За да се процени соодветноста на ресурсите, земјите членки треба да поддржат независни и објективни прегледи на обемот на работа на националните надзорни тела за заштита на податоците.

Продолжувајќи го трендот што ФРА го идентификуваше во својот *Извештај за основни права за 2020 година*, обемот на работа на надзорните органи за заштита на податоците остана крајно напорен. Во повеќето земји членки има голем број истраги и жалби. Паралелно со тоа, нецелосното усогласување на процедурите и на клучните концепти, врз кои се потпира постапката за соработка за прекугранични спорови, спречи брзо решавање на овие спорови.

Беа евидентирани знаци на напредок во 2020 година и на национално ниво (во однос на зголемувањето на финансиските и човечките ресурси) и на меѓународното ниво (во однос на усогласувањето на празнините). Сепак, сè уште има простор за подобрување. Силната законска рамка на ЕУ за заштита на податоците ќе биде ефикасна само кога сите чинители се доволно опремени за да одговорат навремено и ефикасно на сите барања.



## МИСЛЕЊЕ НА FRA 7.3

Институциите на ЕУ и земјите членки на ЕУ треба да осигурат дека сите регулаторни напори за борба против криминалните активности ги содржат потребните заштитни мерки за да се гарантира усогласеност со начелата на законитост, неопходност и пропорционалност. Тие исто така треба да обезбедат ефективен надзор и пристап до поправни механизми. Во овој контекст, институциите на ЕУ и земјите членки на ЕУ треба целосно да ја земат предвид релевантната судска практика на Судот на правдата на Европската Унија.

Со терористичките закани и криминалните активности што опстојуваа низ цела 2020 година, институциите на ЕУ и земјите членки повикаа на итно донесување мерки што овозможуваат употреба на достапни податоци и технологии во борбата против криминалот. Употребата на технологии за рударење на податоци беше искористена на различни начини во борбата против материјалите за сексуална злоупотреба на деца преку Интернет, поддршката на криминални истраги, зголемувањето на надзорот и во борбата против незаконска содржини на Интернет.

Сепак, институционалните тела и граѓанското општество честопати ја доведуваа во прашање потребата и пропорционалноста на ваквите мерки и на национално и на ниво на ЕУ. Иако безбедносните мерки имаат легитимни цели, тие не треба да се користат како изговор за намалување на стандардите за основните права.



Пандемијата не го запре работењето на стратегиите, на правните иницијативи и на политиките насочени кон поттикнување или регулирање на употребата на вештачка интелигенција. Напротив – кризата ги поттикна телата да донесат брзи мерки што ја поддржуваат употребата на вештачка интелигенција, што исто така беше претставено како алатка за борба против пандемијата. И ЕУ и земјите членки многу активно развија различни стратегии за вештачка интелигенција и нови правни инструменти во текот на 2020 година.

Меѓутоа, како што FRA веќе истакна во својот *Извештај за основните права за 2019 година* и *Извештај за основните права за 2020 година*, многу стратегии за вештачка интелигенција претпочитаат повикување на „етика“ и ја споменуваат само потребата за заштита на основните права, без да се истакне деталниот пристап базиран на правата. Сепак, како што е нагласено во извештајот на FRA за вештачката интелигенција и за основните права, употребата на вештачка интелигенција може да има далекосежен ефект врз основните права на луѓето. Оттука, основните права мора да бидат цврсто вградени во секое идно законодавство.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 7.4

Институциите на ЕУ и земјите членки на ЕУ треба да осигурат дека сите идни правни и политички инструменти поврзани со вештачка интелигенција на ниво на ЕУ или на национално ниво се засноваат на почитувањето на основните права. За да се постигне ова, тие треба да вклучуваат силни законски заштитни мерки, да промовираат процени на влијанието врз основните права и да обезбедат независен надзор и пристап до ефикасни правни лекови.

Земјите членки на ЕУ треба да осигурат дека вонредните околности, како што е пандемијата, не го намалуваат нивото на заштита на основните права при употреба на технологии поврзани со вештачка интелигенција.

# 8

# ПРАВА НА ДЕТЕТО

**Пандемијата на ковид-19 предизвика невиден притисок врз децата и семејствата низ ЕУ во 2020 година, особено врз оние што веќе беа економски или социјално загрозени. И покрај напорите на земјите членки, наставата од далечина беше предизвик за децата што немаат компјутер или пристап до Интернет или живеат во пренатрупани домаќинства. Заканата од злоупотреба во домот, исто така, се појави во голема мера. Децата продолжија да поднесуваат помалку барања за азил, но нивните услови за прием останаа несоодветни во неколку земји членки. Десет земји членки ги отворија вратите за 573 деца без придружба и за 771 дете во семејства што беа преселени од грчките „жаришта“. Повеќето земји членки ја вметнаа во националното законодавство Директивата за процедурални заштитни мерки за деца што се осомничени или обвинети лица во кривични постапки. Сепак, постапките за повреда на правата против седум земји членки остануваат отворени. Европската комисија презеде обемни консултации за стратегијата на ЕУ за правата на детето, кои планира да ги донесе во 2021 година.**

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 8.1

Европската комисија треба да го разгледа влијанието на ковид-19 при подготовката за иницијативи во рамките на Гаранцијата за деца на ЕУ. Гаранцијата треба да дефинира насочени иницијативи и да додели доволно финансиски средства за заштита на најранливите деца, особено во областите на образованието, домувањето, здравството и социјалната благосостојба.

Земјите членки на ЕУ треба да ги продолжат своите напори да осигурат дека сите деца, особено најранливите, имаат пристап до училиште под еднакви услови и да ги заштитат децата од насилство. Земјите членки треба да осигурат дека економските мерки за поддршка на семејства со деца ќе дадат одржлива корист и ќе бидат достапни за најранливите семејства, какви што се ромските и мигрантските семејства. На пример, земјите членки би можеле да ја проценат потребата да се разгледа прагот за пристап до редовни социјални исплати за семејства со ниски примања.

За да развијат политики засновани на докази, земјите членки и Европската комисија треба да соберат податоци од самите деца за процена на нивните искуства од, и гледиштата за, влијанието на пандемијата врз нивната физичка и ментална благосостојба.

Пандемијата на ковид-19 имаше силно влијание врз благосостојбата на децата во Европа. Губењето на семејните приходи, затворањето на училишта и зголеменото насилство во домовите и преку Интернет, предизвика загриженост за правата од член 3, 14 и 24 од Повелбата за основните права на ЕУ. Земјите членки им обезбедија голем број пакети за економска поддршка на семејствата за да им ја надоместат загубата на приходите. Сепак, ограничениот износ и должината на поддршката отвораат прашања за долгорочната корисност и одржливост на ваквите финансиски пакети.



Преминот кон домашно школување не беше ист за сите семејства. Некои деца не можеа целосно да учествуваат во училишните рутини, бидејќи немаа пристап до интернет-уред или до тивок простор за учење. Други го изгубија правото на бесплатни ручеци во училиштата. За време на затворањето на училиштата и карантините, подолгите периоди поминати дома резултираа со зголемување на пријавените случаи на насилство врз деца и случаи на сексуално искористување деца преку Интернет.

Подготовките за Гаранцијата за деца на ЕУ продолжија. Шемата што ја побара Европскиот парламент има за цел да им обезбеди на сите деца еднаков пристап до основните услуги, фокусирајќи се на здравството, образованието, раната детска едукацијата и грижата, достојното домување и соодветната исхрана. Гаранцијата за деца на ЕУ се очекува да биде донесена во 2021 година.



Децата што пристигнуваат во Европа имаат право на заштита според член 24 од Повелбата за основните права на ЕУ и соодветни услови за прием во согласност со Директивата за условите за прием. Директивата бара од земјите членки, меѓу другото, да ги проценат потребите за прием на децата и да обезбедат пристап до образование и до соодветен животен стандард. Сепак, во секојдневната практика, условите за прием предизвикуваат сериозна загриженост кај некои земји членки, со пренатрупани центри, несоодветна хигиена или недостиг на прифатни центри соодветни за деца.

Децата со семејства и децата без придружба продолжуваат да се соочуваат со притвор. Иако законот на ЕУ не забранува административен притвор за деца во контекст на миграција, децата без документи и децата што аплицираат за азил или се во постапка за враќање, не треба да бидат лишени од слобода. Притворот за деца треба да се сфати само како исклучителна мерка во краен случај.

Европската комисија го започна Пактот за миграција и азил, кој предлага збир од механизми на солидарност за моментите на притисок, вклучително и преместување. Заедничките напори на Европската комисија, на грчките власти и на 10 земји членки дозволија преместување на 573 деца без придружба и 771 дете во семејства, од грчките жаришта.

Во меѓувреме, сè уште има околу 1.000 деца во небезбедно сместување во Грција. Околу 100 од нив живеат во жаришта.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 8.2

Европската комисија и земјите членки на ЕУ треба да ги зајакнат напорите за преместување на децата без придружба и на другите ранливи деца што во моментов живеат во земјите членки каде што се соочуваат со несоодветни услови за прием. Земјите членки треба да ја земат предвид постојната добра практика при преместување на децата за да обезбедат најдобар интерес за детето во текот на целата постапка.

Земјите членки треба да вложат максимални напори да обезбедат заштита на децата, водејќи сметка условите за прием да бидат според минималните стандарди за достоинствен животен стандард и соодветни установи за деца, што ги утврдува Директивата за услови за прием.

Земјите членки треба да развијат веродостојни и ефикасни системи што ќе го направат непотребно задржувањето на деца заради азил или враќање.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 8.3

Земјите членки на ЕУ треба да ги зајакнат напорите за спроведување на Директивата за процедурални заштитни мерки (2016/800/ЕУ) во секојдневната практика на професионалците. Тие можат да го сторат тоа преку обезбедување обука и професионално водство на сите практичари, вклучително и полицајци, судии, адвокати и обвинители.

Европската комисија може дополнително да ги поддржи земјите членки на ЕУ – на пример, со давање насоки за транспонирање и спроведување на директивата и со олеснување на размената на практични искуства меѓу земјите членки.

Членот 49 од Повелбата за основните права на ЕУ гарантира важни заштитни мерки за пресумпција на невиност и право на одбрана. Членот 24 првенствено води сметка за најдобриот интерес на детето. Директивата за процедурални заштитни мерки за деца кои се осомничени или обвинети лица во кривична постапка (2016/800/ЕУ) ги дефинира и ги проширува овие точки. Од земјите членки се бара навремено да ги информираат децата и нивните родители за нивните права кога децата се осомничени или обвинети лица, да се обезбеди адвокат што ќе му помага на детето и да се процени поединечната состојба на секое дете.

До крајот на 2020 година, повеќето земји членки ги изменија своите национални закони за да ја вклучат директивата. Крајниот рок за тоа беше 11 јуни 2019 година. Сепак, постапките за повреда што започнаа против седум земји членки во 2019 година, останаа отворени на крајот на 2020 година.

# 9

# ПРИСТАП ДО ПРАВДА

**На ниво на ЕУ, 2020 година донесе значителни новини во политичката и институционалната рамка за правата на жртвите. Европската комисија воспостави координатор за правата на жртвите, ја донесе својата прва стратегија за правата на жртвите за 2020-2025 година и воспостави платформа за права на жртвите. На национално ниво, пандемијата на ковид-19 во голема мера ги диктираше случувањата. Таа го сврте вниманието кон семејното насилство и тешкотиите во обезбедувањето пристап до правда за време на строго ограничена подвижност и јавен живот. Во меѓувреме, предизвиците за независност на судството и понатаму се присутни во неколку земји членки. Комисијата го објави својот прв извештај за владеењето на правото во 2020 година, а Европскиот совет ја донесе Регулативата за општ режим на условеност за заштита на буџетот на Унијата.**

Жртвите на злосторства против лице имаат права на признавање и правда предвидени во член 47 од Повелбата за основните права на ЕУ. Во 2020 година, Европската комисија создаде рамка за понатамошно развивање на овие права и се приближи кон целта за нивно целосно признавање и давање ефект. Врз основа на Директивата за правата на жртвите, таа назначи Координатор за правата на жртвите, ја донесе првата стратегија за правата на жртвите во ЕУ и ја воспостави Платформата за правата на жртвите. Сепак, во значителна мера, успехот на стратегијата ќе зависи од посветеноста на земјите членки за нејзино спроведување.

Стратегијата ги идентификува клучните приоритети, вклучително и поддршка на жртвите при пријавување кривични дела, подобрување на поддршката и заштита на ранливите жртви, олеснување на пристапот на жртвите до компензација и зајакнување на соработката и координацијата меѓу сите релевантни чинители. Во сите овие аспекти, организациите за поддршка на жртвите имаат клучна улога. Затоа, за да успее стратегијата, од суштинско значење е подготвеноста на земјите членки да проценат и, каде што е потребно, да ги подобрат и да ги зајакнат постојните структури за поддршка.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 9.1

Земјите членки на ЕУ треба да продолжат со својата заложба за обезбедување целосно и правилно спроведување на Директивата за правата на жртвите. Тие исто така треба понатаму да ги развиваат правата на жртвите на кривично дело во согласност со стратегијата за правата на жртвите на Европската комисија.

Земјите членки треба да преземат ефикасни мерки за да помогнат во спроведувањето на правото на сите жртви на сеопфатни услуги за поддршка, вклучително и информации, совети и поддршка поврзани со правата на жртвите и нивната соодветна улога во кривичните постапки.

Во 2020 година, неколку земји членки на ЕУ (вклучувајќи ги Бугарија, Естонија и Литванија), како и Србија, ги воспоставија или ги зајакнаа структурите на организациите за поддршка на жртвите. Сепак, предизвиците остануваат. Тие вклучуваат, на пример, предизвици за давање информации на жртвите за нивните права; давање практични совети и поддршка на жртвите при остварувањето на нивните права; и на службите за поддршка на жртвите што ги информираат жртвите за нивната улога во кривичните постапки и обезбедуваат соодветна поддршка, во согласност со член 9 (1) (а) од Директивата за правата на жртвите.



## МИСЛЕЊЕ НА FRA 9.2

Земјите членки на ЕУ кои сè уште не ја ратификувале Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) се охрабруваат да го сторат тоа.

FRA ги охрабрува земјите членки да ги надминат празнините во националното законодавство, кои се однесуваат на заштитата на жените жртви на насилство, вклучувајќи и насочувајќи ја полицијата во нивната задача да интервенира во случаи на партнерско насилство, и да донесат мерки што обезбедуваат непосредна и силна заштита на жените од повторена виктимизација и одмазда.

Истанбулската конвенција на Советот на Европа не само што ги дефинира стандардите, туку и преку работата на своето надзорно тело (ГРЕВИО), исто така, го поттикнува и го насочува развојот на правата на жените за заштита од родово засновано насилство и за признавање и правда доколку станат жртви. Сепак, до крајот на 2020 година, Бугарија, Чешка, Унгарија, Летонија, Литванија и Словачка сè уште не ја ратификуваа Конвенцијата.

Покрај тоа, пристапувањето на ЕУ кон Конвенцијата е сè уште во тек. На барање на Европскиот парламент, СПЕУ работеше на мислењето за процена дали потпишувањето и донесувањето на Конвенцијата е компатибилно со договорите на ЕУ. Неговото мислење се очекува во вториот квартал на 2021 година.



## МИСЛЕЊЕ НА FRA 9.3

ЕУ и нејзините земји членки се охрабруваат да ги зајакнат своите напори и соработка за одржување и зајакнување на независноста на судството како суштинска компонента на владеењето на правото.

Покрај тоа, засегнатите земји членки треба да преземат навремени активности за целосно усогласување со релевантните пресуди на Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ). Земјите членки исто така се охрабруваат да постапуваат навремено според препораките, какви што се оние што ги издава Европската комисија во нејзината постапка за владеење на правото.

Независното судство е камен-темелник на владеењето на правото и пристапот до правдата (член 19 од ДЕУ, член 67 (4) од ДФЕУ и член 47 од Повелбата за основните права на ЕУ). Предизвиците во областа на правдата продолжија во неколку земји членки на ЕУ, особено во однос на независноста на судството. Европската комисија го издаде својот прв годишен Извештај за владеењето на правото во 2020 година. Прашањето за правосудните системи и нивната независност беше едно од четирите фокусни подрачја опфатени во извештајот.

Во 2020 година, исто така, беше донесена и Регулативата за општ режим на условеност за заштита на буџетот на Унијата. Таа експлицитно ја споменува корупцијата и загрозувањето на независноста на судството меѓу индикаторите за кршење на владеењето на правото.

# 10

# РАЗВОЈ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Европската комисија започна да развива нова стратегија за лицата со попреченост во 2020 година, иницирајќи процес на консултации што продолжи во текот на целата година. Таа ќе започне нова стратегија во првиот квартал на 2021 година. Европскиот парламент и Советот постигнаа политички договор за нова Регулатива за заеднички одредби што ги регулираат фондовите на ЕУ, што ги опфаќа правата на лицата со попреченост. Во меѓувреме, пандемијата на ковид-19 ја стави на тест обврската на ЕУ и на нејзините земји членки да се усогласат со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (ЦРПД). Земјите членки воведоа широк спектар мерки што значително влијаеја врз правата на лицата со попреченост. Лицата со попреченост и нивните репрезентативни организации, како и структурите воспоставени во согласност со ЦРПД за нивна заштита, презедоа активности за да осигурат дека овие мерки се во согласност со Конвенцијата. Главно, пандемијата ја истакна важноста од вклучување на лицата со попреченост и нивните репрезентативни организации во ризични ситуации како и вредноста на силните национални структури на ЦРПД.**

Владите презедоа широк спектар мерки за спречување на ширењето на коронавирусот. Некои од овие мерки не ги зедоа целосно предвид правата на лицата со попреченост според ЦРПД, особено членот 4 (должност да се обезбедат и да се унапредат правата на лицата со попреченост) и членот 11 (ризични ситуации и хуманитарни итни случаи), или Повелбата за основните права на ЕУ, особено член 21 (недискриминација) и член 26 (интеграција на лицата со попреченост). Некои забрани за посети беа прекумерни, лицата со попреченост не можеа да одат на училиште или имаа премалку исклучоци од правилата за носење маски или за социјално дистанцирање.



## МИСЛЕЊЕ НА FRA 10.1

Во согласност со ЦРПД, земјите членки на ЕУ треба, како дел од своите проверки на законодавните и извршните мерки за справување со ризични ситуации (како што е пандемијата на ковид-19), да го разгледаат влијанието на таквите мерки врз правата на лицата со попреченост и да преземат чекори за да се избегне какво било негативно влијание. Мерките за решавање ризични ситуации што можат директно или индиректно да влијаат врз правата на лицата со попреченост треба да бидат предвидени со закон, недискриминаторски и пропорционални на легитимната цел што се спроведува. Во согласност со ЦРПД и Повелбата за основните права на ЕУ, земјите членки треба целосно да ги вклучат лицата со попреченост и нивните репрезентативни организации, како и националните надзорни тела формирани според член 33 од ЦРПД, во планирањето и следењето на таквите мерки.

Институциите на ЕУ и земјите членки на ЕУ може да ги поддржат овие проверки преку олеснување на размената на ветувачки практики, особено меѓу националните парламенти.

Мерките за карантин исто така предизвикаа проблеми, вклучително и во снабдувањето на лицата со попреченост со храна и медицински средства и средства за чистење. Упатствата за тријажа не беа во согласност со стандардите од ЦРПД и може да доведат до одбивање интензивна нега што им ги спасува животите на лицата со попреченост што имаа слични шанси за преживување со лицата без попреченост. Покрај тоа, карантините честопати имаа негативно влијание врз менталната и физичката благосостојба на лицата со попреченост. Нивните специфични потреби честопати беа занемарувани.

Немаше соодветна комуникација со лицата со попреченост и информации за нив за преземените мерки за справување со пандемијата, особено во раните фази, и тие ретко учествуваа во планирањето на ваквите мерки. Некои земји членки на ЕУ работеа на тоа да обезбедат поголема вклученост на лицата со попреченост во планирањето и следењето на ваквите мерки во иднина. Тоа би можело да помогне во намалување на ризикот идните мерки да ги прекршат ЦРПД.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 10.2

Земјите членки на ЕУ треба да ги соопштат своите одговори на итни случаи на целосно достапен начин. Тие треба целосно да ги спроведат релевантните директиви на ЕУ, како што се ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги и Директивата за пристапност до веб-содржини. Земјите членки треба да обезбедат информации користејќи соодветни средства и формати – на пример, титли, толкување на знаковен јазик и јазик што може лесно да се прочита.

Пандемијата покажа дека стратегиите за кризни комуникации на земјите членки ретко ги прават целосно достапни сите информации за итни случаи. Информациите за време на пандемијата не беа секогаш презентирани со средства и во формати што им дозволуваа на лицата со попреченост пристап до нив, иако тоа го бара правото на ЕУ, вклучувајќи ја и ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги (2018/1808) и Директивата за пристапност до веб-содржини (2016/2102)





Пандемијата ја истакна итната потреба за деинституционализација. Таа покажа не само дека лицата со попреченост се изложени на поголем физички ризик во оваа конкретна пандемија, туку и дека нивната ментална благосостојба е во поголема опасност кога се наоѓаат во институционализирани средини, како резултат на изолираноста и немањето социјален контакт.

Членот 19 од ЦРПД бара деинституционализација, а голема е веројатноста тоа да биде вклучено и во новата Европска стратегија за лицата со попреченост. Стапувањето во сила на новата Регулатива за заеднички одредби и примената на стратегијата за попреченост ќе го зголемат притисокот за завршување на процесот на деинституционализација.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 10.3

Во согласност со член 19 од ЦРПД и како дел од новата Европска стратегија за лицата со попреченост, ЕУ и нејзините земји членки треба итно да ги забрзаат своите напори за постигнување на деинституционализација, вклучително и преку соодветна употреба на средствата од ЕУ за да се осигури дека лицата со попреченост можат да живеат самостојно и да бидат вклучени во заедницата.




Две илјади и дваесетта година донесе и напредок и неуспех во однос на заштитата на основните права. *Извештајот за основните права за 2021 година* на FRA ги разгледува главните случувања во ЕУ помеѓу јануари и декември 2020 година и ги прикажува мислењата на FRA. Земајќи ги предвид и достигнувањата и преостанатите области на загриженост, тој дава увид во главните теми за обликувањето на дебатите за основните права низ ЕУ.




Фокусот годинава е ставен на пандемијата на коронавирус и на нејзиното влијание врз основните права. Во другите поглавја се зборува за Повелбата за основните права на ЕУ; еднаквоста и недискриминацијата; расизмот, ксенофобијата и поврзаната нетолеранција; интеграцијата на Ромите; азилот и миграцијата; информатичкото општество, приватноста и заштитата на податоците; правата на детето; пристапот до правда; и развојот во спроведувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

# ПРОМОВИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ВАШИТЕ ОСНОВНИ ПРАВА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЕУ —

**За целосниот *Fundamental Rights Report 2021* (Извештај за основните права за 2021 година) на FRA – видете https://fra.europa.eu/en/publication/2021/fundamental-rights-report-2021**

**Погледнете ги и публикациите поврзани со FRA:**

— FRA (2021), *Извештај за основните права за 2021 година – мислења на FRA*, Луксембург, Канцеларија за публикации, https://fra.europa.eu/en/publication/2021/fundamental-rights-report-2021-fra-opinions (достапен на сите 24 официјални јазици на ЕУ)

— FRA (2021), *The Coronavirus pandemic and fundamental rights: a year in review* (Пандемијата на коронавирус и основните права: преглед на годината, Луксембург, Канцеларија за публикации, https://fra.europa.eu/en/publication/2021/coronavirus-pandemic-focus (достапно на англиски и француски јазик)

Претходните Годишни извештаи на FRA за предизвиците и остварувањата на основните права во Европската Унија остануваат достапни на веб-страницата на FRA (достапни на англиски, француски и германски јазик).

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**FRA – АГЕНЦИЈА ЗА ОСНОВНИ ПРАВА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**
Schwarzenbergplatz 11 – 1040 Виена - Австрија
T +43 158030-0 – F +43 158030-699
**fra.europa.eu**

facebook.com/fundamentalrights
twitter.com/EURightsAgency
linkedin.com/company/eu-fundamental-rights-agency

Publications Office of the European Union